д-р Методија Дојчиновски
e-mail: m_dojcinovski@yahoo.com, тел: 070/403-393
Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“
Скопје, Република Македонија
м-р Ивица Даневски,
e-mail: danevski2000@hotmail.com, тел: 070/403-500,
Министерство за одбрана на Република Македонија,
Армија на Република Македонија

# РЕГИОНАЛИЗАМ И СОЦИЈАЛЕН ИДЕНТИТЕТ ВО КОНТЕКСТ НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ

**Апстракт**

Предизвиците на современиот свет се воедно ѝ предизвици за безбедносниот систем, за негово понатамошно усовршување, надградување и целосно прилагодување и оспособување за адекватен и целисходен одговор на истите. Процесот на глобализација, протежирајќи го регионализмот како идна опција за земјите од западен Балкан, неминовно им наметнува нов предизвик со кој сигурно ќе се соочат, а некои веќе ѝ се соочуваат. Моќта на сфаќањето на поимот регионализам од страна на државите и социјалните групи, а во интерес на зачувување или остварување на своите цели ќе предодреди низа последователни појави кои ќе го определат процесот на опстанок на државата и социјалните групи во истата.

Позитивистичкото сфаќање на регионализмот како атрибут на глобализацискиот процес, само предупредува на идни предизвици на кои националните држави треба да изнајдат соодветен модел за безбедносна стабилност и соработка, а при тоа не напуштајќи ја сопствената определба за евро-атлантска интеграција. При опстојувањето на интеграциската определба неминовно се наметнува потреба од препознавање на можните предизвици и понудени „решенија“ за државна организација, заради остварување на придобивки од глобализацијата, или соочување со нејзините последици. Изборот секако дека ќе доведе до трансформација на безбедносниот систем, кој пак ќе го определи и дефинира степенот на стабилност и одреди меѓународната соработка на државата.

**Клучни зборови:** глобализација, држава, безбедност, власт, интерес, предизвик, процес.

# REGIONALISM AND SOCIAL IDENTITY IN THE CONTEXT OF NATIONAL SECURITY

**Abstract**

The challenges of the modern world are also challenges to national systems for their further development, upgrading and complete customization and training for adequate and meaningful response.

The process of globalization, conditioning regionalism as a future option for the Western Balkans, inevitably imposes new challenges which the region will certainly face. The power of understanding the concept of regionalism by countries and social groups, and in the interest of

maintaining or achieving their goals, set a series of consecutive occurrences that process will determine the survival of the state and social groups itself.

Positivistic notion of regionalism as an attribute of the globalization process, suggests future challenges that national leaders need to find a suitable model for stability and security cooperation, while not abandoning its own commitment to Euro-Atlantic integration. The existence of commitment's integration inevitably requires identifying possible challenges and offered "solutions" to the state organization, and ensuring the benefits of globalization, or dealing with its consequences. The choice will certainly lead to the transformation of security systems, which in turn will determine and define the degree of stability and the need for international cooperation.

**Keywords**: globalization, state, security, power, interest, challenge, process.

## Вовед

Колку и да изгледа на прв поглед појавата на региони познато и разбирливо, таа е и покрај тоа се уште недоволно истражена. Разликите меѓу регионите во географска и политичка смисла, не се доволно истражени, ниту се истражени постоечките облици во значењето на економскиот, културниот, религискиот, историскиот и безбедносниот регионализам. Просторот на поранешна Југославија во последната деценија од минатиот век помина низ фаза на турбулентно „дизајнирање“. Териториите беа фрагментирани низ воена сецесија. Политиката и идеологијата на регионализмот и на регионализацијата беше карактеризирана со регионален интеграризам и сепаратизам. Државите беа детериторијализирани и десуверенизирани под алиби на транзиција и реформи. Затоа неопходно е низ регионална призма да се проследи односот меѓу државата и реформите, децентрализацијата, автономијата и регионалната држава во однос на безбедноста. Дотолку е поголема потребата и нужноста заради тоа што во меѓународниот контекст „ренесансата на регионализацијата“ зазема место на трансдржавен супститут на традиционалната држава. Во деформираните и слаби држави, појавата на регионализмот е изразена во проблемски облик на постојани регионални кризи и судири. Оттаму истражувањето на проблемот на регионализмот директно е поврзано со истражувањето на ривалските и антагонистичките концепти на територијалната регионализација на државата. Затоа создавањето на региони во рамка на државата, или создавање на регионална држава, во иста мерка влијае на нацијата и сите нејзини граѓани и во безбедносна смисла.

## Регионализам и глобализација

Регионализмот и глобализацијата се две страни на ист историски процес. Регионализмот како начин на прилагодување на глобалните промени постојано го потенцира фактот дека се поголем број на земји немаат капацитет и ресурси самостојно да се справат со предизвиците кои

тие промени ги наметнуваат. Генерално, регионалната соработка го олеснува обезбедувањето на „јавни добра“. Истовремено, таа допринесува за сузбивање на „јавните зла“. Регионалната соработка го смалува ризикот од прекугранични конфликти и ја зголемува преговарачката моќ на земјите кои заедно настапуваат на меѓународните форуми. Опфаќа многу подрачја од сферата на економското и социјалното живеење, политичките структури, внатрешната безбедност, заштитата на природната средина, културата итн. Станува збор за комплексен и повеќе слоен процес на градење на врски во регионот, кој не подразбира само односи меѓу држави и национални администрации, туку и меѓу многу други општествени актери, како што се бизнисот или цивилното општество. Локалните заедници во тој процес играат се поважна улога развивајќи разни видови на прекугранична соработка. Регионите стануваат актери на глобалната сцена создавајќи основа за подобро функционирање на мултилатералниот систем во меѓународните односи. Но и државите-нации го обсервираат регионот како арена во која можат да се промовираат националните интереси, кои различни групи во општеството различно ги сфаќаат. На тој начин, регионализмот може да создаде и сили кои му се спротивставуваат. Додека некои групи сметаат дека движењето во наднационални простори носи предности, други групи се држат до националниот простор во кој ги бранат своите стекнати интереси. Специфичните услови за создавање на различни типови на регионална соработка и интеграција се разликуваат, а создавањето на регионален ентитет е многу комплексен процес за што говори историјата на Европската унија. Комплексноста на појавата на регионалниот ентитет е содржана во тензијата за надминување на националната држава, идентитетско поистоветување кое води кон зацврстување на социјалниот идентитет.

Очигледно е дека регионите претставуваат своевидна арена во која меѓусебно се среќаваат културолошки, но и дивергентни интереси. При тоа, на регионалната динамика влијаат и процеси од субнационално ниво, како што се етнонационалната мобилизација која ги дезинтегрира државите, но од друга страна јакнењето на микрорегиони создава можност за директен пристап кон поширокото економско опкружување на подинамичните субнационални региони. Државната дезинтеграција се јавува како контрапродукт на етнонационалната интеграција (мобилизација), што првенствено би била насочена кон „постигнување“ на културолошка автономија за искажување на својот идентитет.

Создавањето на голем број регионални организации се одвива под истовремено влијание како на национални, така и на меѓународни фактори, кои ја зголемија меѓусебната зависност во регионот, ја менуваат улогата на државата и карактерот на мултилатералните аранжмани. Така западен Балкан, како постконфликтен регион на границите на Европската унија, во тие процеси се јавува и како активен учесник, кој влијае и на поширокото опкружување во кое се одвива регионалната соработка, но во многу поголема мерка и како пасивен примач на надворешни влијанија, кој настојува да се прилагоди на рамките на европската и евро-атлантската интеграција за кои сам се определил. Растечкиот капацитет за европска интеграција се искажува и како

растечки капацитет да се соочува со домашните и регионални проблеми, кои во секој случај не можт да го одминат.

Маркантен вид на наметнатите проблеми е опстанокот на националната држава во процесот на регионализација, предизвикан од глобализацијата. Националната држава никогаш до сега не постоела во толку разнолик свет. За да опстанат, државите мора да разберат дека веќе не се единствени актери. Сегашната политичка арена е вид на неструктуирана комплексност во која се појавуваат бројни актери кои го придвижуваат процесот на формулирање и дизајнирање на политиката. Променливата природа на политичкиот процес ја условува дисперзијата на државната власт и нејзините активности кон клучните актери на различни просторни нивоа, што претставува највидлива промена на државата во глобализираниот свет. Според тоа, тезата за крај на државата не е одржлива, на што укажува и сфаќањето на Пуланкас, според кој националната држава треба да се перцепира како „самозаменлива“[1]. Изумирањето на државата не е суштина на глобализацијата и изнудената регионализација. Суштината е создавање на способност на државата за нејзино еволуирање во ново настанатиот свет и задолжително зачувување на државните атрибути.

Економската глобализација набљудувана како сила која најмногу го загрозува авторитетот на националната држава, ја открива неспособноста на државата да делува спротивно на пазарните сили. Државата мора да ги намали нормативните стандарди за да привлече капитал и во такви услови на глобализација е доведена во таква состојба да не може да ги сочува и оствари сопствените нормативни стандарди. Според Ентони Гиденс, во процесот на глобализацијата способноста за долгорочно национално планирање значително е доведена во прашање,[2] што е факт во денешните услови на економскиот развој, особено кај државите од западен Балкан. Теорија која во доволна мерка ја објаснува суштината на глобализацијата и смалувањето на регулаторната политика (нормативните стандарди) е „трката до дно“ (race-to-the-bottom – RTB) хипотеза. Во современите глобализирани држави постои тренд на подредување на социјалната политика на потребите на структурната конкурентност и флексибилност на пазарот на трудот. Глобализацијата води кон неспособност на државата да го заштити своето население, првенствено од експлоатација. Современите безбедносни закани и предизвици кои по своја природа се транснационални и кои во голема мерка се продукт на глобализацијата, придонесуваат кон ранливост на државите и меѓусебна зависност. Како резултат на глобализацискиот процес се појавува создавање на нов (социјален) идентитет, кој не се заснова на простор и кој не произлегува од националната држава. Таквиот идентитет се јавува како плод на неизбежната регионализација и создавање на регионални држави, што во секој случај има влијание на безбедноста на националната држава.

---

[1] Lakic N. (2011), *Dali je globalizacija izazov ili pretnja nacionalnim drzavama kao dominantnom obliku politicke organizacija*, Centar za bezbednosnu politiku, *Bezbednost Zapadnog Balkana*, godina 6, broj 21, str. 6.
[2] Bleses and Seeleib-Kaiser 2004: 116.

**Социјален идентитет и безбедност на државата**

Социјален идентитет во денешните современи општества претставува универзална потреба на луѓето да се здобијат со самодоверба и да обезбедат почитување од страна на другите, односно желба да постигнат една, во основа задоволителна претстава за себе. Важен фактор на само-одредувањето претставува фактот дека единката е припадник на бројни социјални групи кои можат, во позитивна или негативна смисла, да допринесат кон оваа претстава. Во основа на ова диференцирано (само)вреднување на единката, во зависност од нејзината припадност на некоја група или групи, лежи системот на социјална категоризација. Социјалната категоризација ја создава процесот на субјективната класификација преку одреден систем на вреднување на единката. Социјални категории се етнички и расни групи идентификувани со нацијата како политичка заедница во сложена национална држава. Со процесот на глобализацијата предизвиканите општествени промени се посебно значајни во односите меѓу социјалните процеси и индивидуалното однесување, што е всушност дијалектички однос меѓу општеството и поединецот, посредуван преку социјалниот идентитет.

Дали социјалниот идентитет во тој дијалектички однос е доведен во опасност од страна на државата? Проблемот се јавува во хиерархиската структура на општеството. Различни општествени групи воспоставуваат меѓусебни односи кои се предодредени од нееднакви општествени статуси и од различно учество во распределба на општествената моќ. Во овој контекст социјалното групирање за последица може да има социјална дискриминација. Социјалниот идентитет се јавува како дел од сликата за себе кој го формираат поединци или групи по основ на својата припадност на некоја група. Припадноста на малцинството е доволна причина во услови на економска, а особено во политичка нестабилност на државата да се појави дискриминираност. Како дел од социјалниот идентитет се појавува националниот идентитет кој во услови на глобална нестабилност на државата лесно прераснува во водечки сегмент од социјалниот идентитет. Националниот идентитет произлегува од чувството на етничка припадност, кое се зголемува со егзистирање на повеќе национални групи на еден простор. Различната идентификација меѓу групите допринесува за зголемување на чувствителноста кон разликите. Најсилна идентификација со сопствената група се развива кога границите меѓу групите стануваат непропустливи, статусните односи се нестабилни, а меѓусебните разлики се доживуваат како нелегитимни. Состојба на нелигитимност на разликите допринесува за дискриминација. Нееднаквото постапување кон единка или некоја група заради некое нивно лично својство, ја намалува можноста да го оствари со уставот и законот загарантирано право. Состојбата на нелегитимност на разликите предизвикува потреба за заштита. Неопходната заштита наведува на повреда на друг национален идентитет, што суштински ја одбележува националната дискриминација. Парцијализирано, фрагментирано, дезинтегрирано, затворено општество во кое егзистираат поголем број етнички заедници кои со недоверба гледаат едни во други ги истакнува културолошките разлики. Поголем број религиски групи меѓу кои не постои толеранција и дијалог

само ја продлабочуваат перцепцијата на нееднаквоста низ призма на свои видувања. Придобивките од глобализацијата за отворено општество и напуштени бариери во такви услови биваат редефинирани за потреби на етничките или религиозните групи. Социјалните групи се врамуваат во национална рамка и не допринесуваат за интегрирање во општествените глобални и национални токови. Непочитувањето на основните вредности на државата води од индиректна кон директна дискриминација. Социјалниот идентитет се става во залог на етничко националните вредности од страв за губење на достигнатата доминантна позиција во општеството. Зачувувањето на доминантната позиција повторно води кон затварање во национални, статусни или религиски рамки и фаворизирање на една наспроти други социјални групи. Имагинарниот пристап на разбирањето на општествените потреби и зачувување на доминантната позиција ја детерминира изолираноста на самите социјални групи. Како производ на взаемно урамнотежување на односите се појавува насилната дискриминација во обид за заштита на општествениот статус.

Безбедноста на државата не завршува со добри национални или етнички односи. Во човековата природа е постојаното трагање по нови облици за воспоставување на надмоќ и фаворизирање на некоја своја вредност. Една од диферентните особини на мултиетничките општества е ѝ религиозната диференцираност. Религијата како еден најопшт човечки феномен нејасно го определува битието на нејзиното постоење. Што го прави човекот религиозен? Мултидимензијалниот карактер на религијата опфаќа повеќе димензии на она што се нарекува религиозност: религиозни верувања (идеолошка димензија), религиозни чинови (ритуална димензија), религиозни чувства (искуствена димензија), религиозно знаење (интелектуална димензија) и религиозна исполнетост (консеквенцијална димензија). Сите димензии се изведени од човековата природа и ја определуваат религиозната зрелост на индивидуата или социјалната група. Перцептивната ориентација и подготвеност на одговор во однос на одреден објект или појава е основата на религиозната диференцијалност. Религиозната диференцијалност врз основа на религиозните димензии всушност е добра подлога за предизвикување на конфликти или дискриминација. Достигнатиот степен на религиозна зрелост ја определува религиозниот став и религиозната мотивација. Со достигнување на религиозна зрелост на социјална група почитувањето на религиозната диференцијација во најмала рака е маргинализирано. Во прашање се доведува националната кохезија, која пак е условена со толеранција и меѓусебно почитување на сите социјални групи во едно современо општество на денешницата. Религиите ѝ понатаму се најотпорен и најсилен кохезиски фактор на националниот идентитет, главен материјал за разни идеологии, основно средство за одбрана од било какво загрозување при спојот на разни нации и култури. Нема граници меѓу религиозното и националното. Едно во друго неосетно се претопуваат. Националните политики за остварување само на свои интереси националниот идентитет го сведуваат само на религиозен.

Кон што води религиозната диференцијалност? Може ли да биде иницијатор на национални конфликти? Ако религиските разлики се искажуваат како нетолерантни или спонтано лош однос на припадниците на различни религии, доаѓа до создавање на комуникациски бариери.

Мултиетничките општества составени од различни националности, заради специфични околности и нужни меѓусебни односи, изложени се на искушение и нетоleranција. Значењето на етничките и религиските фактори во конфликтот меѓу поедини општествени заедници се зголемува со обемот во кој етничките и религиските социјални групи во државата се совпаѓаат со структурата на моќ. Религијата се појавува како значаен елемент на етницитетот, се идентификува со националниот идентитет, па во тој контекст веројатно и самиот конфликт се доживува како меѓурелигиски конфликт. Религиската диференцијалност и нетолеранцијата кон истата се само повод за создавање на основа за протежирање на други различни прашања поврзани со националниот идентитет. Припадноста на подредената група потенцијално со себе носи негативен социјален идентитет и ниско ниво на почитување на нејзините членови. Тоа претставува незадоволителна состојба која ги мобилизира луѓето да се обидат да ја отстранат таквата состојба. Тука е прагот на иницирање на национални конфликти, а со тоа и загрозување на безбедноста.

Како последица на различните облици на противречности, современиот свет е преплавен со проблеми чие акумулирање или решавање создава конфликтни ситуации и конфликти. Најдлабоки и веројатно најжешки причини за дискриминација и конфликти се спротивностите кои постојат меѓу интересите на различните социјални и други општествени групи. Заземајќи различни општествени позиции, општествените групи имаат ѝ многу поинакви интереси. Неизедначеноста и неусклареноста на економскиот и општествениот развој меѓу одредени делови во општеството, област, регион или етнички групи, немањето доволно средства за исполнување на одредени цели, е чинител на општествена напнатост и конфликт. Конфликтите се неизбежни во општествениот живот и се облик во кој општествениот живот се развива и манифестира. Насилството и конфликтите, а со тоа и загрозување на социјалниот идентитет на поедини групи, се производ на мешање на скриената политиката преку социјалните облици во економскиот процес. Дали конфликтот внесува само раздор и е нужно деструктивен? Не значи дека треба да се оправда, но треба поинаку да се сфати во услови на глобализација. Општеството не е само прилагодување, поредок и функционирање. Со општествените конфликти општеството, државата напредува. Напредувањето не е искажано низ единство и игнорирање на реалноста. Општеството напредува со решавање на конфликтите. Како конечна цел на нашите соништа можеме да поставиме ненасилно општество кое истовремено не е општество во кое не постојат конфликти, туку е општество кое конфликтите ги надминува без употреба или закана од употреба на сила.

**Регионалната држава како модел на ефикасна и успешна децентрализација на власта**

Модерната европска држава донесе нов облик на државно уредување, таканаречен регионализам или регионална држава. Европа прва ја отвори вратата на процесот на регионализација во кој понапредни беа Шпанија, Италија, Белгија и други земји, со тоа што англосаксонските земји, првенствено Ирска и Велика Британија, но и Франција останаа по страна од овој процес, покажувајќи дури спротивна тенденција, односно централизам.

Регионализмот подразбира мрежа од територијални единици и региони распоредени од најниски до највисоки кои ја сочинуваат суштината на регионалната држава. Со воспоставување на региони се очекува да заживее регионалната автономија (демократија) и повеќе регионални центри на моќ и одлучување кои одговарат на демократските тенденции и интереси на граѓаните на тие региони. Регионализацијата е последица на слабости и на унитарно и федерално државно уредување, и претставува обид да се искористат добрите страни на овие уредувања, а да се отфрлат недостатоците кои се покажале во досегашната пракса во функционирањето на овие држави. Едноставно кажано, регионализмот (регионална држава) претставува специфичен модел на државно уредување кое на скалата на децентрализација се наоѓа меѓу унитарна и федерална држава[3]. Регионите не се замена за централна држава и власт, не ѝ конкурираат, ниту се некој облик на квазидржава. Уживаат широка автономија, поширока од онаа која ја имаат територијалните единици на највисок степен во унитарна држава, но сепак не се држави како што се тоа федерални единици, немаат елемент на државност, свој устав, како ни обем на самоорганизирање што го имаат федералните единици[4]. Инаку и самиот поим за регионализам е повеќезначаен и опфаќа различни елементи на организирање, односно самоорганизирање. Неговата основа претставува тежнеење на одредени оштествени групи да се здобијат со извесен обем на автономија заради институционализирање на своите интереси[5]. Ова организирање на општествените групи е насочено кон задоволување на различни интереси - економски, политички, историски, национални и други, заради што се среќаваат различни облици или типови на регионализам.

Но, регионализмот како глобализациски супстрат има влијание и на безбедноста на државата и нејзиното организирање. Глобализацијата како многу сложен, динамичен, противречен социјално–историски феномен, се: „... сфаќа како ... воспоставување на единствен глобален систем ... бидејќи културните, општествените, стопанските и политичките разноликости во светот се уништени ... Меѓутоа, глобализацијата е често следена од локализација, регионализација ... верски фундаментализам, што може да се сфатат како одговор на глобализацијата“.[6] Глобализацијата како продукт на сложена меѓусебна поврзаност, која сè повеќе влијае на одлуки и настани кои се случуваат далеку од нас, го принудува светот на една заедничка судбина и надеж, а од нас самите зависи во каква состојба ќе биде оставен светот на нашите идни поколенија.

Во обезбедувањето на безбедноста и сигурноста, државите настојуваат да ги елиминираат девијантните однесувања кои би можеле да ги загрозат основните права и човечките слободи на своите граѓани. Облиците и изворите на загрозувањата линеарно со развојот на општествата станувале се посложени, така да денес современиот свет се развива во конфликтни односи и постојано се наоѓа во политичко-безбедносна нестабилност. Како одговор на настанатата состојба, секоја држава и општествена заедница настојува да обезбеди политички и безбедносни услови за

---

[3] Комшиќ Ј. (2000), Теорије о политичким системима, Институт друштвених наука, Београд, стр. 468.
[4] Јовичиќ М. (1996), Регионална држава уставноправна студија, Вајат, Београд, стр. 16. и 17.
[5] Илиќ М. (1996), Локална самоуправа у Југославији, Градина, Ниш, стр. 37.
[6] Кајтез И. (2012), *Дали је глобализација крива за све несреће садашњег света,* Пројекат Растко, Универзитет одбране Војна Академија, Београд.

несметано владеење на законите и развој на демократијата како основни претпоставки за успешен развој на политичкиот, економскиот, културниот, социјалниот, безбедносниот и на другите општествени системи. Функционалноста на државата се манифестира преку нејзините средства на моќ и извршните и управните органи на власта чија задача е да ги заштитат виталните интереси и вредности од сите облици на загрозување (надворешни и внатрешни), кои може да ги донесе процесот на регионализација, согласно уставот и законите. Оттука произлегува и постојаната општествена потреба за еволутивно надградување на безбедносниот систем во зависност од условеноста на спознавањето на општествената и безбедносната реалност, од една страна, и да се овозможи сознание за видот на содржината на одговорот на различните извори на загрозување на безбедноста, од друга страна. Согледувајќи ја комплексноста на причинско-последичните односи кои ја детерминираат безбедноста на единката, државата, општеството или на повеќе држави во еден регион и на меѓународната заедница во целина, може да се каже дека безбедноста е посебна општествена вредност од индивидуално, национално, регионално и глобално значење во која безбедноста од едно ниво (индивидуално), ја условува безбедноста на сите нивоа (во општеството, државата, регионот и меѓународната заедница), но секако дека дејството и условеноста се рефлектираат и во спротивна насока.

Несомнено произлегува дека регионализацијата не е замена за централна држава и власт. Регионализацијата не значи и федерализација, особено во безбедносна смисла и не може да има обележја на државност, ниту облик на самоорганизирање во безбедносна смисла.[7] Следствено, самиот поим регионализам (региони) е повеќезначен и неговата основа претставува тежнеење на одредени општествени групи да стекнат извесен степен на автономија, а заради институционализирање на своите интереси.[8] Ова организирање на општествените групи е насочено кон задоволување на разни интереси, но само – економски, политички, историски, национални и др. Ова подразбира дека регионалните работи и надлежности не смеат да бидат замена или конкуренција на државните работи. Регионализацијата во никој случај не смее да оди далеку во своите амбиции – не подалеку од тоа да поединци, односно општествени групи во нив да го уживаат правото на јазик, национална припадност, култура и искажување на специфичностите на својот живот. Значи регионите се единици на повисок степен на децентрализација и како такви уживаат и поголем степен на самостојност од единиците на локалната самоуправа, но помал од компетенциите на државата (централната власт).

Ваквиот предизвик за државата, наметнат од процесот на глобализацијата, ги определува способностите и експлицитно ја изразува потребата од организирање на државата за обезбедување на виталните функции и зачувување на сопствените интереси, а со тоа и на сопствените граѓани.

---

[7] Јовичиќ М. (1996), Регионална држава уставноправна студија, Вајат, Београд, стр. 16. и 17.
[8] Илиќ М. (1996), Локална самоуправа у Југославији, Градина, Ниш, стр. 37.

**Заклучок**

Регионализмот успешно применет во некои европски земји до сега се покажал како добро решение за регионални проблеми со кои тие земји се соочуваат. Тој не претставува апстрактна доктрина, но е развиен на база на проучување на конкретни општествени, историски, културни и други прилики. Тоа допринело моделот на регионална организација да не биде едновиден, туку сложен и разновиден во зависност од тоа: дали е со поголем или помал степен на автономност, со повеќе или помалку елементи на симетричност или асиметричност, за решавање само на историски или национални, економски, културни (јазички) и други проблеми и поединости за одредена држава. Но и регионите и регионализмот не се совршен и единствен модел на територијалната организација, применлив во сите услови, па заради тоа и не треба да се идеализира. Тоа пред се е европски модел, плод на нејзината култура и политичка традиција и како таков не може по секоја цена да се „увезе и калеми“ на општествените прилики на оние земји кои во секој поглед заостануваат зад развиените земји на Европа.

Иако денес паралелно постојат и унитарни и федерални држави, не значи дека унитаризмот априори води во централизам, а федерализмот во децентрализација и слобода на поединци и територијални заедници. И федералното и унитарното државно уредување имаат свои добри и лоши страни, па погрешно би било на едното или на другото да му се даде начелна предност.[9] Како што сите федерации не (биле) се подеднакво успешни и демократски, тоа не значи дека унитарната држава (каде сите атрибути на власта се во еден државен центар), автоматски е тоталитарна и недемократска. Унитарната држава може да биде и таква, но и не мора, бидејќи постојат соодветни правни и политички решенија таа да биде демократска, правна и напредна.

Случајот на западен Балкан очигледно претставува пример како можниот колапс на политичкиот авторитет на едно ниво, отвора простор за претходно латентна борба за власт на пониски нивоа, што во етнички сложени општества го отежнува постигнувањето на некоја нова рамнотежа. Претходните конфликти, отпорот да се отстапи дел од новосоздадениот „суверенитет“, недовршениот или задоцнет процес на градење на држава-нација (во споредба со поголемиот број на европски земји), нерешените статусни прашања, и покрај сето тоа, проблеми поврзани со транзицијата во демократски општества и пазарно стопанство, ја прават регионалната соработка на западен Балкан многу сложен процес.

Согледувајќи го фактот дека има малку конфликти за кои може да се каже дека се дефинитивно решени, со оглед на тоа дека решенијата доведуваат до нови проблеми, неопходно е обезбедување на постојан надзор над потенцијални нови судири на интереси, а при што, во иднина регионите ќе играат клучна улога, како што покажува се повидливата улога на Европската унија како инстанца која набљудува и посредува, и тоа не само во своите сопствени граници. Кон ова, градењето на националната безбедност претставува услов на развојот на демократските аспекти и процеси на државите, а пред се внатрешниот концепт на остварување на националните интереси.

---

[9] Јовичиќ М. (1996), Проблеми територијалне организације постојеќе југословенске државе, Посткомунизам и власт, Југословенско удружење за политичке науке, Факултет политичких наука, Београд, стр. 154.

**БИБЛИОГРАФИЈА**


1. Beck U., (1999), *World Risk Society*, Cambridge, Polity Press.
2. Bleses and Seeleib-Kaiser 2004: 116.
3. Vestad A., (1990), *The Global Cold War* (*Глобални хладни рат*), Архипелаг, Београд, 2008; Scott L. Bills, *Empire and Cold War: The Roots of US–Third World Antagonism*, 1945–1947, St. Martin’s Press, New York.
4. Zivkovic J., (2007), Regionalism – a new social framework, Centar za regionalnu politiku Hanns Seidel Stiftung, Nis.
5. Илиќ М., (1996), Локална самоуправа у Југославији, Градина, Ниш.
6. Јовичиќ М., (1996), Проблеми територијалне организације постојеќе југословенске државе, Посткомунизам и власт, Југословенско удружење за политичке науке, Факултет политичких наука, Београд.
7. Јовичиќ М., (1996), Регионална држава уставноправна студија, Вајат, Београд.
8. Кајтез И., (2012), *Дали је глобализација крива за све несреќе садашњег света*, Пројекат Растко, Универзитет одбране Војна Академија, Београд.
9. Kant I., (1974), *Um i sloboda*, „Veèni mir. Filozofski nacrt“, Ideje, Beograd.
10. Knutsen T., (1999), *The Rise and Fall of World Orders*, Manchester University Press.
11. Комшиќ Ј., (2000), Теорије о политичким системима, Институт друштвених наука, Београд.
12. Komsic J., (2007), Principles of European Regionalism, Asocijacija multietničkih gradova jugoistočne Evrope – PHILIA, Novi Sad.
13. Lakic N., (2011), *Dali je globalizacija izazov ili pretnja nacionalnim drzavama kao dominantnom obliku politicke organizacija*, Centar za bezbednosnu politiku, *Bezbednost Zapadnog Balkana*, godina 6, broj 21.
14. Павлески А., *Безбедносниот регионализам низ призмата на концептите за безбедносен комплекс и безбедносна заедница*, Филозофски факултет Скопје – Институт за безбедност, одбрана и мир, оригинална научна статија, 341.172:355.45(100).
15. Parsons T., (1960), *Structure and Process in Modern Society*, The Free Press, New York.
16. Pejkovic M., (2005), *Dali je bezbednost drzave vaznija od prava pojedinaca*, Fakultet politickih nauka, Beograd.
17. Rousseau J-J., (1964), *Du contrat social*, Gallimard, Paris.
18. Spinoza, (1987), *Traité politique*, J. Vrin, Paris.
19. Habermas J., (2000), *Après l’État-nation*, Fayard, Paris.
20. Held D., McGrew A., (2007), *Globalization Theory – Approaches and Controversies*, Polity Press, Cambridge.
21. Yoder A.J., (2003), „Decentralisation and Regionalisation after Communism: Administrative and Territorial Reform in Poland and Czech Republic“, *Europe-Asia Studies*, Vol.55, No.2.